**У Р Е Д Б А**
**ЗА ОЗНАКИТЕ ЗА УНИФОРМИТЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат ознаките за униформите на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата) и тоа: ознака за знамето на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ознака за државното знаме), ознака за единствен знак за припадност на Армијата, ознака - штит на Армијата, ознаки за генерали, ознаки за чинови, ознаки за родови и служби, ознаките за командите и единиците на Армијата, ознаки за први и главни подофицери, ознаки за вештини, ознаки за завршени курсеви, обуки и усовршувања, ознаки за учество во операции, ознаки за учество во меѓународни команди и организации и други ознаки.

II. ОЗНАКИ ЗА УНИФОРМИТЕ НА АРМИЈАТА

1. ОЗНАКА ЗА ДРЖАВНОТО ЗНАМЕ

Член 2

Ознаката за државното знаме претставува намалена верзија на знамето на Република Северна Македонија.

За поставување на воено-теренска, односно борбена униформа (во натамошниот текст БУ) и на специјалните униформи, ознаката за државното знаме се изработува во затемнета, прикриена изведба (во натамошниот текст: во “subdued” изведба).

За поставување на службената униформа (во натамошниот текст СЛУ), на свечената униформа (во натамошниот текст СВУ), како и на униформите на единицата за почести, ознаката за државното знаме се изработува во пропишани бои.

## 2. ОЗНАКА ЗА ЕДИНСТВЕН ЗНАК ЗА ПРИПАДНОСТ НА АРМИЈАТА

Член 3

Единствениот знак за припадност на Армијата, претставува стилизирано сонце со дванаесет краци во златна боја, а во средината на сонцето е прикажана апликација на државното знаме во кружна форма во пропишани бои.

Единствениот знак за припадност на Армијата може да биде составен елемент и на други ознаки за униформите на Армијата или аплициран на галантеријата која е составен дел од СЛУ и СВУ.

Единствениот знак за припадност на Армијата се поставува на баретка, шапка, капа со стреа и шешир, самостојно или како составен дел од другите ознаки за командите и единиците на Армијата.

Единствениот знак за припадност на Армијата се изработува со лиење во метал, везење или ткаење.

## 3. ОЗНАКА - ШТИТ НА АРМИЈАТА

Член 4

Ознаката - штит на Армијата е во форма на широка елипса со црвена основа, обрабена со златно јаже. Во средина на штитот е претставен единствениот знак за припадност на Армијата, опколен со отворен венец, а во позадина е поставен краток меч, со сечивото свртено нагоре. Венецот и мечот се во златна боја. Ознаката - штит на Армијата се изработува со везење или ткаење.

## 4. ОЗНАКИ ЗА ГЕНЕРАЛИ

Член 5

Ознаката за генерали за шапка, баретка, капа со стреа и шешир се состои од единствениот знак за припадност на Армијата, обвиен во полукруг со две тутунови гранчиња во златна боја. Ознаката се изработува во тродимензионална форма од метал.

Ознаката за генералите за горните јаки од ревериte од палтото и капутот од СЛУ и СВУ е со правоаголна форма со соодветен агол во однос на јаките, со црвена основа обрабена во златна боја. На ознаката се поставени стилизирани тутунови лисја во златна боја и цвет во бела боја, над кои се поставени афионови плодови во златна боја. Ознаката се изработува со везење или ткаење.

## 5. ОЗНАКИ ЗА ЧИНОВИ

### 5.1. Ознаки за чиновите за БУ и специјалните униформи

Член 6

Ознаките за чиновите за БУ и специјалните униформи се во форма на правоаголник, изработени од платно, везени или ткаени, во „subdued“ изведба прилагодени на основната и универзалната шара, односно специјалните униформи.

Ознаката за чинот разводник се состои од едно стропило.

Ознаката за чинот десетар се состои од две стропила.

Ознаката за чинот помлад водник се состои од три стропила.

Ознаката за чинот водник се состои од еден ремен и едно стропило.

Ознаката за чинот постар водник се состои од еден ремен и две стропила.

Ознаката за чинот постар водник I класа се состои од еден ремен и три стропила.

Ознаката за чинот наредник се состои од два ремена и едно стропило.

Ознаката за чинот главен наредник се состои од два ремена и две стропила.

Ознаката за чинот потпоручник се состои од една осумкрака ѕвезда.

Ознаката за чинот поручник се состои од две осумкраки ѕвезди, вертикално поставени.

Ознаката за чинот капетан се состои од три осумкраки ѕвезди, вертикално поставени.

Ознаката за чинот мајор се состои од појас од народен вез и една осумкрака ѕвезда.

Ознаката за чинот потполковник се состои од појас од народен вез и две осумкраки ѕвезди, вертикално поставени.

Ознаката за чинот полковник се состои од појас од народен вез и три осумкраки ѕвезди, вертикално поставени.

Ознаката за чинот бригаден генерал се состои од отворен венец од тутунови лисја со елипса во средината и една осумкрака ѕвезда.

Ознаката за чинот генерал-мајор се состои од отворен венец од тутунови лисја со елипса во средината и две осумкраки ѕвезди, вертикално поставени над елипсата.

Ознаката за чинот генерал-потполковник се состои од отворен венец од тутунови лисја со елипса во средината и три осумкраки ѕвезди, вертикално поставени над елипсата.

Ознаката за чинот генерал на Армија се состои од отворен венец од тутунови лисја со елипса во средината и четири осумкраки ѕвезди, од кои првите две ѕвезди се хоризонтално поставени над елипсата, третата ѕвезда е на средина над двете ѕвезди, а четвртата ѕвезда е во продолжение на третата ѕвезда.

### 5.2. Ознаки за чиновите за СЛУ и СВУ

Член 7

Ознаките за чиновите за СЛУ и СВУ се состојат од исти елементи како и ознаките на чинови за БУ.

Ознаките за чиновите за СЛУ и СВУ претставуваат платнени правоаголни навлаки, а се изработуваат со везење или ткаење.

По исклучок, ознаките за чинови на генерали за палтото и капутот од СЛУ и СВУ, се изработуваат со везење, директно на нарамениците.

### 6. ОЗНАКИ ЗА РОДОВИ И СЛУЖБИ

Член 8

Ознаките за родовите и службите се изработуваат со лиење во метал во златна боја и се поставуваат на подлога во форма на ромб обрабен со златна боја, на долните јаки на реверите на палтото од СЛУ и СВУ.

#### 6.1. Ознаки за родови

Член 9

Ознака за родот пешадија се две вкрстени пушки, со цевките свртени нагоре.

Ознака за родот артилерија се две вкрстени топовски цевки, свртени нагоре.

Ознака за родот оклопно-механизирани единици е фронтална силуета на тенк.

Ознака за родот инженерија се две кули-набљудувачници.

Ознака за родот врски се две вкрстени молњи.

Ознака за родот атомско-биолошко-хемиска одбрана се два вкрстени лабораториски сада.

Ознака за родот електронско војување е во форма на елипса, со две вкрстени патеки на електрони во движење.

Ознака за родот авијација е меч со врвот свртен нагоре, а на средината на мечот се претставени крилја.

Ознака за родот противвоздушна одбрана се вкрстени две противавионски ракети.

Ознака за родот воздушно набљудување, јавување и наведување е радарска антена.

#### 6.2. Ознаки за служби

Член 10

Ознака за техничка служба се два полукружни запчаника, во чија внатрешност се прикажани вкрстени алати.

Ознака за интендантска служба се два полукружни венци од класје од пченица, а во средината на венците поставена е товарна кујна и еден меч во средината на знакот, со врвот нагоре.

Ознака за санитетска служба е жезол со две вкрстени змии околу него, со главите нагоре и чинија помеѓу нив.

Ознака за ветеринарна служба е кириличната буква „В“, над која одзади се прикажани две вкрстени глави на змии.

Ознака за сообраќајна служба е овал, во чие средиште се поставени тркало со единствениот знак за припадност на Армијата во средина, а под нив сидро. Од овалот излегуваат крилја.

Ознака за финансиска служба се две вкрстени пера за пишување.

Ознака за правна служба е меч со врвот нагоре, на чиј врв е поставена терезија.

Ознака за градежна служба претставуваат вкрстени шестар од горна и агломер од долна страна.

Ознака за музичка служба, виолински клуч.

Ознака за метеоролошка служба е метеоролошки инструмент (анемометар) и петел.

Ознака за службата за безбедност и разузнавање е квадрат поделен на 25 полиња, симболична претстава на подлога за општествена игра-дама.

Член 11

Изгледот, димензиите и техничките спецификации на ознаката за државното знаме, ознаката за единствен знак за припадност на Армијата, ознаката-штит на Армијата, ознаки за генерали, ознаки за чиновите и ознаките за родовите и службите за БУ, СЛУ и СВУ, ги дефинира началникот на Генералштабот на Армијата со „Упатството за обезбедување на квалитет и контрола на производите од униформите и ознаките во Армијата на Република Северна Македонија“.

### 7. ОЗНАКИ ЗА КОМАНДИ И ЕДИНИЦИ НА АРМИЈАТА

#### 7.1. Ознака за Генералштабот на Армијата

Член 12

Ознаката за Генералштабот на Армијата е составен од два круга, едниот надворешен и поголем, вториот внатрешен и помал. Надворешниот круг е во црвена боја и е обрабен со златно јаже. Внатрешниот круг е во златна боја, обрабен со црна боја. Во надворешниот круг на двете спротивни страни лево и десно, се прикажани по две генералски ѕвезди вертикално поставени во златна боја, обрабени со црна боја. На горната половина од надворешниот круг полукружно, е поставен натпис „ГЕНЕРАЛШТАБ“ со златни букви, обрабени со црна боја. Во долната половина од надворешниот круг полукружно е поставен натпис на Генералштабот на англиски јазик и латинично писмо „GENERAL STAFF“, со златни букви, обрабени со црна боја. Во внатрешноста на помалиот круг е поставен меч во златна боја, обрабен со црна боја. Врз средината на мечот е поставена ознака за единствениот знак за припадност на Армијата. Мечот е обвиткан со отворен венец од стилизирани дабови лисја во бронзена боја. Ознаката за Генералштабот на Армијата за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

#### 7.2. Ознака за Командата за операции

Член 13

Ознаката за Командата за операции е составена од два круга, едниот надворешен поголем, вториот внатрешен помал. Надворешниот круг е во црна боја и обрабен со златно јаже. Внатрешниот круг е во црвена боја, обрабен со златна боја. Во надворешниот круг на двете спротивни страни лево и десно, се прикажани по една генералска ѕвезда во златна боја, обрабена со црна боја. На горната половина од надворешниот круг полукружно, е поставен натпис „КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ“ со златни букви, обрабени со црна боја. Во долната половина од надворешниот круг полукружно, е

поставен натпис на командата на англиски јазик и латинично писмо „OPERATIONS COMMAND“, со златни букви, обрабени со црна боја. Во внатрешниот круг е поставен отворен полукружен венец од дабови лисја, врз кој се поставени два вкрстени меча, сите во златна боја, обрабени со црна боја. Ознаката на Командата за операции за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.3. Ознака за 1. пешадиска бригада

Член 14

Ознаката за 1. пешадиска бригада е во форма на квадрат обрабен златно, во кој се претставени две стилизирани бројки еден -„1“, свртени една нагоре, другата надолу, така што целосно го пополнуваат квадратот. Десната бројка „1“ е во црвена, а левата во црна боја, двете обрабени со златна боја. Ознаката за 1. моторизирана пешадиска бригада за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

Сите припадници за 1. пешадиска бригада, над ознаката на самостојна чета-баталјон во која се распоредени, на БУ и специјалните униформи, ја носат и ознаката за 1. пешадиска бригада.

7.4. Ознака на Командата на 1. пешадиска бригада

Член 15

Ознаката за Командата на 1. пешадиска бригада и нејзината командна чета е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот е претставен меч со сребрено-црна боја со сечивото нагоре, обрабен со златна боја. Преку мечот во средината, се вкрстени пушка и топовска цевка, во црна боја, свртени нагоре, обрабени жолто. Преку пушката и топовската цевка, во средината, е претставен тенк во црна боја, фронтално свртен со цевката кревата нагоре, обрабен со златна боја. Ознаката за Командата на 1. пешадиска бригада и нејзината командна чета за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.5. Ознака за 1. пешадиски баталјон

Член 16

Ознаката за 1. пешадиски баталјон е во форма на штит со црвена основа, обрабен и дијагонално преполовен со златна боја. Во левиот горен дел на штитот е претставена шкорпија во црна боја, обрабена со златна боја. Во десниот долен дел на штитот е прикажан бројот на баталјонот -„1“ во златна боја, обрабен со црна боја. Ознаката за 1. пешадиски баталјон за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.6. Ознака за 2. пешадиски баталјон

Член 17

Ознаката за 2. пешадиски баталјон е во форма на штит со црвена основа, обрабен и дијагонално преполовен со златна боја. Во левиот горен дел на штитот е претставена шкорпија во црна боја, обрабена со златна боја. Во десниот долен дел на штитот е прикажан бројот на баталјонот -„2“, во златна боја, обрабен со црна боја. Ознаката за 2. пешадиски баталјон за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.7. Ознака за 3. пешадиски баталјон

Член 18

Ознаката за 3. пешадиски баталјон е во форма на штит со црвена основа, обрабен и дијагонално преполовен со златна боја. Во левиот горен дел на штитот е претставена глава на леопард во окер боја, обрабена со црна боја. Во десниот долен дел на штитот е прикажан бројот на баталјонот -„3“, во златна боја, обрабен со црна боја. Ознаката за 3. пешадиски баталјон за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.8. Ознака за 4. пешадиски баталјон

Член 19

Ознаката за 4. пешадиски баталјон е во форма на штит со црвена основа, обрабен и дијагонално преполовен со златна боја. Во левиот горен дел на штитот е претставена глава на леопард во окер боја, обрабена со црна боја. Во десниот долен дел на штитот е прикажан бројот на баталјонот -„4“, во златна боја, обрабен со црна боја. Ознаката за 4. пешадиски баталјон за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.9. Ознака за Артилерискиот баталјон

Член 20

Ознаката за Артилерискиот баталјон е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот се вкрстени две топовски цевки во златна боја, свртени нагоре, обрабени со црна боја. Над топовските цевки се наоѓа меч во златна боја со сечивото нагоре, обрабен со црна боја. Ознаката за Артилерискиот баталјон за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.10. Ознака за Тенковскиот баталјон

Член 21

Ознаката за Тенковскиот баталјон е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во рамките на штитот е стилизирано сонце од државното знаме. На средината на сонцето е претставен тенк во црна боја, фронтално свртен со цевката кревата нагоре, обрабен со златна боја. Ознаката за Тенковскиот баталјон за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.11.Ознака за Четата за атомско-биолошко-хемиска одбрана

Член 22

Ознаката за Четата за атомско-биолошко-хемиска одбрана е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во горниот дел на штитот се претставени два вкрстени лабораториски сада, а под нив се претставени знаци за радиолошко, биолошко и хемиско

оружје, сите во златна боја, обрабени со црна боја. Ознаката за Четата за атомско-биолошко-хемиска одбрана за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.12. Ознака за Четата за врски

Член 23

Ознаката за Четата за врски е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот се претставени две вкрстени сигнални знаменца во сребрена и темноцрвена боја, обрабени со црна боја. Над знаменцата е претставен меч во златна боја, со сечивото нагоре, обрабен со црна боја. Ознаката за Четата за врски за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.13. Ознака за Командата на воздухопловниот ВИНГ

Член 24

Ознаката за Командата на воздухопловниот ВИНГ и неговите приштапски единици е во форма на штит со сина основа, обрабен со златна боја. По внатрешниот раб на штитот се протега лента во темносина боја, обрабена со златна боја, на која рамномерно се претставени ѕвезди во златна боја, обрабени со црна боја. Во средината на штитот е поставен меч со сечивото нагоре, на кој се поставени крилја, сите во златна боја, обрабени со црна боја. Ознаката за Командата на воздухопловниот ВИНГ и неговите приштапски единици за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.14. Ознака за Сквадронот на борбени хеликоптери

Член 25

Ознаката за Сквадронот на борбени хеликоптери е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. По внатрешниот раб на штитот се протега лента во темносина боја, обрабена со златна боја, на која рамномерно се претставени ѕвезди во златна боја, обрабени со црна боја. Во внатрешноста на штитот е претставено стилирано сонце во изгрев со три крака, во златна боја. Во внатрешноста на штитот во горниот дел, е прикажан хеликоптер во дејство фронтално, во црна боја, обрабен со златна боја. Во долниот дел на штитот е прикажан нишан со бела боја на врв од планина во сина боја. Ознаката за Сквадронот на борбени хеликоптери за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.15. Ознака за Сквадронот на транспортни хеликоптери

Член 26

Ознаката за Сквадронот на транспортни хеликоптери е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. По внатрешниот раб на штитот се протега лента во темносина боја, обрабена со златна боја, на која рамномерно се распоредени ѕвезди во златна боја, обрабени со црна боја. Во внатрешноста на штитот на црвена основа, е претставено сонце со четири зрака, во златна боја. Во средината на ознаката е претставен црн коњ со кренати предни нозе во профил, обрабен со сребрена боја. Во горниот десен дел од ознаката е поставен меч со сечивото нагоре, на кој се поставени крилја, сите во златна боја, обрабени со црна боја. Ознаката за Сквадронот на транспортни хеликоптери за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.16. Ознака за Единицата за противвоздушна одбрана

Член 27

Ознаката за Единицата за противвоздушна одбрана е во форма на штит со светлосина основа, обрабен со златна боја. Во внатрешноста на штитот се претставени ракета и цевка од топ свртени нагоре, во чиј горен дел се наоѓа радарска антена, зад која е прикажана кобра во став за борба, во сребрена и златна боја, обрабени со црна боја. Зад наведените симболи се претставени патеки на две ракети во бела боја, обрабени со златна боја, кои се протегаат од десниот долен дел кон левиот горен дел. Ознаката за Единицата за противвоздушна одбрана за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.17. Ознака за Единицата за воздухопловно набљудување и јавување

Член28

Ознаката за Единицата за воздухопловно набљудување и јавување е во форма на штит со светлосина основа, обрабен со темносина боја. Во средината на штитот е прикажан круг со темносина боја, на кој се распоредени ѕвезди во златна боја, обрабени со црна боја. Во кругот е претставена радарска антена во сребрена боја, обрабена со сребрена боја. Зад антената се поставени отворени крилја во златна боја, потпрени на авион свртен нагоре, во сребрена боја, сите обрабени со црна боја. Ознаката за Единицата за воздухопловно набљудување и јавување за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.18. Ознака за Единицата за воздухопловно-техничко одржување

Член 29

Ознаката за Единицата за воздухопловно-техничко одржување е во форма на штит во темносина боја, обрабен со златна боја. По внатрешниот раб на штитот се протега лента во темносина боја, обрабена со златна боја, на која рамномерно се распоредени ѕвезди во златна боја, обрабени со црна боја. Во внатрешноста на штитот е претставен круг во светлосина боја, рамномерно поделен на три дела на златна, зелена и црвена основа, во кои се преставени резервен дел, авион и авионска бомба. Зад кругот, од левата и десната страна на

кругот се појавуваат крилја во златна боја, обрабени со црна боја. Ознаката за Единицата за воздухопловно-техничко одржување за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.19. Ознака за Единицата за обука и тренинг

Член 30

Ознаката за Единицата за обука и тренинг е во форма на штит во светлосина боја, обрабен со златна боја. По внатрешниот раб на штитот е лента со темносина боја, обрабена со златна боја, на која рамномерно се претставени ѕвезди во златна боја, обрабени со црна боја. Во штитот е прикажано сонце во изгрев со три крака, во златна боја. Над сонцето се поставени отворена книга и факел во сребрена боја. Над нив се поставени  два колибри и три пламени од факелот во црвена боја, обрабени со црна боја. Ознаката за Единицата за обука и тренинг за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.20. Ознака за Баталјонот на специјални сили „Волци“

Член 31

Ознаката за Баталјонот на специјални сили „Волци“, е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот е претставена глава на волк во профил, во црна и сребрена боја. Зад главата на волкот се вкрстени меч, стрела и крило сите во златна боја и падобран со сина основа и златна купола. Ознаката за Баталјонот на специјални сили „Волци“ за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.21. Ознака за Баталјонот за извидување, разузнавање, набљудување и одредување на цели

Член 32

Ознаката за Баталјонот за извидување, разузнавање, набљудување и одредување на цели е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот се наоѓа меч со сечивото свртено нагоре, во златна боја. Зад мечот се вкрстени две стрели, со врвовите нагоре, во златна боја. Зад овие симболи се наоѓа падобран со купола во црна боја. Во подножјето на штитот се наоѓа натпис со црни латинични печатни букви “RANGER“. Ознаката за Баталјонот за извидување, разузнавање, набљудување и одредување на цели за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.22. Ознака за Баталјонот на воена полиција

Член 33

Ознаката за Баталјонот на воената полиција е во форма на штит со сребрена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот е претставен втор штит во окер основа, во чија внатрешност е прикажано сонце со зраци во златна боја. Зад внатрешниот штит се поставени два вкрстени меча со сечивата надолу, во златна боја, обрабени со црна боја. На врвот на внатрешниот штит е испишан натпис „ВОЕНА ПОЛИЦИЈА“. Ознаката за Баталјонот на воената полиција за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.23. Ознака за Баталјонот за врски

Член 34

Ознаката за Баталјонот за врски е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот е поставен меч со сечивото нагоре, во златна боја, обрабен со црна боја. Зад горната половина на мечот се претставени две вкрстени знаменца, десното во златна боја со црвена внатрешност, левото во црвена боја со златна внатрешност, двете обрабени со црна боја. Во долниот дел на мечот се прикажани два дабови листа во златна боја, обрабени со црна боја, а во лисјата е прикажана по една молња со црвена боја. Ознаката за Баталјонот за врски за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.24. Ознака за Инженерискиот баталјон

Член 35

Ознаката за Инженерискиот баталјон е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во горниот дел од штитот се претставени две стражарски кули, поврзани со мост, во златна боја, обрабени со црна боја. Во нивна заднина е претставен дел од ѕид од тврдина, во црна боја. Под тврдината е прикажано тркало во сребрена боја, над кого се вкрстени инженериски алатки во златна боја. Ознаката за Инженерискиот баталјон за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.25. Ознака за Командата за обука и доктрини

Член 36

Ознаката за Командата за обука и доктрини и нејзините приштапски единици е составен од два круга, едниот надворешен поголем, вториот внатрешен помал, двата обрабени со златна боја. Надворешниот круг е со темносина основа, обрабен со златно јаже, на кој во горниот дел полукружно е испишан натпис „КОМАНДА ЗА ОБУКА И ДОКТРИНИ“ со сребрени букви. Во долниот дел од надворешниот круг, полукружно е натписот на командата на англиски јазик и латинично писмо „TRAINING AND DOCTRINE COMMAND“ со сребрени букви. Внатрешниот круг е со светлосина основа и во неговата средина е поставен штит на кој е аплицирано државното знаме во природни бои. Над штитот е поставена отворена книга, преку која се вкрстени факел во бронзена боја и меч во сребрена боја, сите обрабени со црна боја. Ознаката за Командата за обука и доктрини и нејзините приштапски единици за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

Ознаката за Центарот за странски јазици е истоветна со ознаката на Командата за обука и доктрини.

7.26. Ознака за Центарот за индивидуална обука

Член 37

Ознаката за Центарот за индивидуална обука е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во штитот е поставен дорски столб во сребрена боја, обрабен со црна боја. Над столбот е поставен факел во бронзена боја со три црвени пламени јазици, а над факелот се вкрстени два меча со сечивата нагоре, во сребрена боја, сите обрабени со црна боја. Ознаката за Центарот за индивидуална обука за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.27. Ознака за Центарот за обука на питомци

Член 38

Ознаката за Центарот за обука на питомци е во форма на штит со црвена основа, обрабен златно. На штитот е претставено стилизирано државно знаме. Над знамето се претставени отворена книга и над неа се вкрстени меч во сребрена боја и пушка во бронзена боја, сите обрабени со црна боја. Во подножјето на книгата се вкрстени две дабови гранки со желади, во бронзена боја. Ознаката за Центарот за обука на питомци за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.28. Ознака за Центарот за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции

Член 39

Ознаката за Центарот за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции  е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во штитот е поставен дорски столб во сребрена боја, обрабен со црна боја. Над столбот во средина е претставена отворена книга, а над неа се вкрстени факел во бронзена боја и меч во сребрена боја, сите обрабени со црна боја. Факелот има три огнени јазици во црвена боја. Ознаката за Центарот за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.29. Ознака за Центарот за одгледување и дресура на кучиња

Член 40

Ознаката за Центарот за одгледување и дресура на кучиња е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. На штитот е претставена глава на шарпланинец во црна, сребрена и кафеава боја, обрабена со црна боја. Ознаката за Центарот за одгледување и дресура на кучиња за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.30. Ознака за Центарот за симулации

Член 41

Ознаката за Центарот за симулации е штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во штитот е поставена шаховска фигура-топ во сребрена боја, обрабен со црна боја. Над шаховската фигура се вкрстени меч со сечивото нагоре, пушка и топовска цевка, сите златни, обрабени со црна боја. Ознаката за Центарот за симулации за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.31. Ознака за Центарот за поддршка на обуката

Член 42

Ознаката за Центарот за поддршка на обуката е во форма на штит со црвена основа, обрабен и преполовен со златна боја. Во горниот лев агол се вкрстени меч и пушка во сребрена боја, обрабени со црна боја. Во десниот долен дел е претставено сидро во црна боја, обрабено со сребрена боја. Ознаката за Центарот за поддршка на обуката за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.32. Ознака за Командата на логистичката база

Член 43

Ознаката за Командата на логистичката база и нејзините приштапски единици е во форма на штит во црвена боја, обрабен со црна боја. Во средината на штитот се наоѓаат дијагонално прекрстени клучеви во црна боја, обрабени со златна боја, а преку нив е поставено тркало од колска кола во црна боја со пречки во златна боја. По работ на тркалото се поставени стрелки во круг во златна боја. Во тркалото е поставен жезол во бронзена боја обвиткан со змија во сребрена боја. Ознаката за Командата на логистичката база и нејзините приштапски единици за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

Ознаката за Центарот за управување на материјали е истоветна со ознаката на Командата на логистичката база.

7.33. Ознака за Техничкиот  ремонтен центар

Член 44

Ознаката за Техничкиот  ремонтен центар е во форма на штит во црвена боја, обрабен и дијагонално преполовен со црна боја. Во левиот горен дел се наоѓа внатрешниот елемент од ознаката на Командата на логистичката база, а во десниот долен дел се наоѓа голем запчаник во златна боја, обрабен со црна боја. Во средината на запчаникот се наоѓа механичарски клуч во црна боја, обрабен со сребрена боја. Ознаката за Техничкиот ремонтен центар за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.34. Ознака за Центарот за снабдување и транспорт

Член 45

Ознаката за Центарот за снабдување и транспорт е во форма на штит обрабен и дијагонално преполовен со црна боја. Во левиот горен дел се наоѓа внатрешниот елемент од ознаката на командата на логистичката база, а во десниот долен дел се наоѓа меч со класје од жито од двете страни во златна боја, обрабени со црна

боја. Над мечот се наоѓаат пет запчаници од трансмисија во златна боја, обрабени со црна боја. Ознаката за Центарот за снабдување и транспорт за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.35. Ознака за Воено-медицинскиот центар

Член 46

Ознаката за Воено-медицинскиот центар е во форма на штит обрабен и дијагонално преполовен со црна боја. Во левиот горен дел се наоѓа внатрешниот елемент од ознаката за Командата на логистичката база, а во десниот долен дел е поставен крст со црвена основа, обрабен со црна боја. Преку крстот е поставен меч во сребрена боја, обрабен со црна боја, околу кој е обвиткана змија во златна боја. Ознаката за Воено-медицинскиот центар за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.36. Ознака за Единицата за поддршка на гарнизонот Скопје

Член 47

Ознаката за Единицата за поддршка на гарнизонот Скопје е во форма на штит во црвена боја, обрабен и дијагонално преполовен со црна боја. Во левиот горен дел се наоѓа внатрешниот елемент од ознаката за Командата на логистичката база, а во десниот долен дел е прикажан Камениот мост од Скопје во златна боја, обрабен со црна боја. Ознаката на Единицата за поддршка на гарнизонот Скопје за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.37. Ознака за Единицата за почести

Член 48

Ознаката за Единицата за почести е во форма на штит со црвена основа, обрабен со златна боја. Во средината на штитот е претставена силуета на гардист во профил во црна боја, обрабен со сребрена боја, околу кој се наоѓа ловоров венец во златна боја. Во долниот дел на штитот е поставен натпис „ГАРДА“. Ознаката за Единицата за почести за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

7.38. Ознака за Резервните сили

Член 49

Ознаката за Резервните сили е во форма на штит со црвена основа, обрабен со црна боја. Во средината на штитот е претставено стилизирано сонце од државното знаме со осум краци во златна боја. Над знамето се поставени меч со сечивото нагоре, а над мечот пушка и топовска цевка, свртени нагоре, сите три во сребрена боја, обрабени со црна боја. Ознаката за Резервните сили за БУ и специјалните униформи, се изработува во „subdued“ изведба.

Член 50

За БУ ознаките за команди и единици на Армијата се изработуваат со везење или ткаење. За СЛУ и СВУ ознаките за команди и единици на Армијата се изработуваат со лиење во метал, поставени на подлога од кожа.

## 8. ОЗНАКИ ЗА ПРВИ И ГЛАВНИ ПОДОФИЦЕРИ

Член 51

Подофицерите во Армијата, поставени на должност прв и главен подофицер, на униформите носат ознаки на формациското место на кое се поставени.

Член 52

Ознаката за подофицер, поставен на должност прв подофицер е минијатурна изведба на чинот наредник, со еден ромб поставен во средината, помеѓу правите ленти и изведбата од стропилото.

Ознаката за подофицер, поставен на должност главен подофицер е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со два ромба поставени симетрично еден до друг во средината, помеѓу правите ленти и првата изведба на стропилото.

Ознаката за подофицер, поставен на должност главен подофицер во единица и команда со која командува бригаден генерал е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со гранчиња од тутунови лисја во полукруг, со една ѕвезда поставена во средината помеѓу гранчињата од тутунови лисја и првата изведба на стропилото.

Ознаката за подофицер, поставен на должност главен подофицер во командата со која командува генерал-мајор е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со гранчиња од тутунови лисја во полукруг, со две ѕвезди хоризонтално поставени во средината помеѓу гранчињата од тутунови лисја и првата изведба на стропилото.

Ознаката за подофицер, поставен на должност главен подофицер на Армијата е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со гранчиња од тутунови лисја во полукруг со три ѕвезди поставени во форма на триаголник, во средината помеѓу гранчињата од тутунови лисја и првата изведба на стропилото.

За СЛУ и СВУ ознаките се изработени од метал во златна боја, за БУ и специјалните униформи се изработуваат во „subdued“ изведба.

## 9. ОЗНАКИ ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНИ И ХУМАНИТАРНИ ОПЕРАЦИИ И ОЗНАКИ ЗА УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ КОМАНДИ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 53

Воениот и цивилниот персонал упатен во мировни и хуманитарни операции или упатен на работа во меѓународни команди или организации надвор од територијата на Република Северна Македонија, на униформата ја носи ознаката на мисијата во која е упатен, утврдена од страна на организацијата која ја предводи мисијата.

10. ДРУГИ ОЗНАКИ

Член 54

Ознаката за презиме за БУ се изработува со везење или ткаење. За СЛУ и СВУ ознаката за презиме е изработена од метална позлатена плочка со испишани црни печатни кирилични букви, во средина на плочката. При упатување на вежби, обука, семинари, курсеви и други активности надвор од Република Северна Македонија, се изработуваат ознаки со презиме на припадникот со латинично писмо. Ознаките за презиме се изработуваат во три варијанти во зависност од должината на презимето.

Ознаките за одликувања, медали и значки, ознаките за завршени курсеви, обука и усовршувања, како и ознаки за вештини, за БУ се изработуваат со везење или ткаење во основна и универзална шара, во „subdued“ изведба, а за СЛУ и СВУ се изработуваат со лиење во метал во златна боја.

На копчињата на СЛУ, СВУ и униформите на единицата за почести се аплицира ознаката за единствениот знак на припадност на Армијата.

Член 55

Изгледот, димензиите и техничките спецификации на ознаките за командите и единиците на Армијата, ознаките за први и главни подофицери, ознаки за учество во операции, меѓународни команди и организации и другите ознаки, ги дефинира началникот на Генералштабот на Армијата со „Упатството за обезбедување на квалитет и контрола на производите од униформите и ознаките во Армијата на Република Северна Македонија“.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 56

Сите ознаки согласно Одлуката на претседателот на Република Македонија за структура на сили на Армијата од 2011 година, согласно „Уредбата за единствениот знак за припадност на Армијата на Република Македонија, униформата, ознаките за чиновите, ознаките за родовите и службите, ознаките за единиците како и начинот и условите за нивното носење“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 188/16) и согласно „Уредбата за ознаките за униформите на Армијата на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18), ќе се заменат според динамиката за трансформација на Армијата, а согласно Одлуката на Претседателот на Република Северна Македонија за структура на сили на Армијата и Наредбата и Планот за трансформација на командите и единиците на Армијата од страна на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

Член 57

Со влегување во сила на оваа уредба, престануваат да важат „Уредбата за единствениот знак за припадност на Армијата на Република Македонија, униформата, ознаките за чиновите, ознаките за родовите и службите, ознаките за единиците како и начинот и условите за нивното носење“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/16) и „Уредбата за ознаките за униформите на Армијата на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18).

Член 58

Оваа Уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 06-460/3
3 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.